Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 198/9
17.05.2022 година
Охрид

Врз основа на член 20 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, членовите 22, 287, 383, 417, 418 и 419 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 17.05.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ А.Д.Охрид**

**Член 1**

Се усвојува Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија Хотели-Метропол А.Д. Охрид.

**Член 2**

Во Статутот на Друштвото се дополнува член 24 став 6 со нова алинеја 7, која гласи:

“Обрасци за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите од интернет страницата на Друштвото”.

**Член 3**

По член 27 се додава нов член 27-а, кој гласи:

“Покрај учество во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник, согласно Законот за трговски друштва, Друштвото ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието со кореспонденција пред денот на одржување на Собранието.

Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Доколку Друштвото воспостави систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите.

Гласањето со кореспонденција кое е извршено спротивно на одредбите од ставот 2 на овој член е ништовно.”

**Член 4**

Се овластува Одборот на директори по донесувањето на оваа Одлука од страна на Собранието на Друштвото, да изготви пречистен текст на Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија Хотели-Метропол А.Д. Охрид.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно поднесената иницијатива за измена на Статутот на Хотели-Метропол А.Д. Охрид од Одборот на директори, Одборот на директори постапувајќи по член 417 од Законот за трговските друштва ја утврди горенаведената предлог одлука за измена на Статутот на Друштвото и му предлага на Собранието на акционери да ја усвои на седницата закажана за 17 мај 2022 година.

Измената на Статутот се предлага поради поекономично и поефикасно работење Собранието на акционери на Друштвото и усогласување со Законот за трговски друштва.

Претседавач со Собрание

______________________________